Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1313/2022
Дата......13 -07- 2022........

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Министерство за транспорт и врслки се издаваат Услови за планирање на просторот за изградба на водови за пренос на електрична енергија – 2x110 kV далновод со приклучок на постоечкиот 110 kV вод ТС Гевгелија – ТС Богданци и 110 kV/33 kV (20 kV) трафостаница ПЕРУН во КО Богданци вон град и КО Стојаково, Општина Богданци.

Вкупната должина на планираната траса изнесува приближно 3,7 km.

Катастарската парцела на која е поставена површината за изградба на новопроектираната 110 kV/33 kV (20 kV) трафостаница и на истата е поставена и површината за изградба на првиот столб од новопроектираниот 2x110 kV далновод (Столб 19) е на КП 642/9 во КО Стојаково, Општина Богданци.

Катастарската парцела на кои се поставени двата столба ( Столб 1 и Столб 2 ) преку кои новопроектираниот 2x110 kV далновод се приклучува на ЕЕС на РСМ се: Столб 1 на КП 5512/4 и КП 8173/3 и Столб 2 на КП 5511, КП 5512/5, КП 5512/3 и КП 5513/5 во КО Богданци вон град, Општина Богданци.

Низ планскиот опфат поминува траса на издадени Услови за планирање на просторот наменети за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод за делница 4: Хамзали – Струмица – Богданци – Грција, со тех. бр. Y21011.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. У20022 се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на водови за пренос на електрична енергија – 2х110 kV далновод со приклучок на постоечкиот 110 kV вод ТС Гевгелија – ТС Богданци и 110 kV/33 kV (20 kV) трафостаница ПЕРУН во КО Богданци вон град и КО Стојаково, Општина Богданци, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на водови за пренос на електрична енергија – 2х110 kV далновод со приклучок на постоечкиот 110 kV вод ТС Гевгелија – ТС Богданци и 110 kV/33 kV (20 kV) трафостаница ПЕРУН во КО Богданци вон град и КО Стојаково, Општина Богданци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk